УЧЕСТВО НА СОБРАНИЕ

Право на учество на седницата на Собранието има секој акционер на Друштвото, лично или преку овластен полномошник кој ќе го застапува со презентирање на полномошно во писмена форма, а согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата.
Пријавите за учеството на Собранието се доставуваат до Друштвото на адреса:

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје,
ул. Козле бр. 188 Скопје
со назнака: Пријава за учество на собрание

Образецот на пријавата е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.
ПР1 Пријава – правно лице (линк)
ПР2 Пријава - физичко лице (линк)

Пријавите може да се достават преку електронска пошта до електронската адреса на Друштвото: **akcioneri@replek.mk**, по препорачана пошта до Архивата во седиштето на Друштвото, со назнака „ за Собрание на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје" или лично.

Воедно, Реплек АД Скопје ги повикува сите акционери да извршат ажурирање и проверка на податоците кои што за нив ги има во Друштвото (точна адреса, е-пошта, банкарска сметка и сл.) со цел ефикасно остварување на правата кои произлегуваат од нивната сопственост на акции во Реплек Ад Скопје.

РЕГИСТРАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО И ЛОГИСТИКА

Ги информираме сите акционери кои го пријавиле своето учество, да дојдат во просториите на Реплек АД еден час пред почетокот на седницата на Собранието, заради навремена регистрација. Регистрацијата на учесниците ќе започне во 9:00 и ќе се затвори во 9:50. По затворањето на регисрацискот пулт, нема да биде дозволена регистрација на учесници, иако истите биле пријавени за учество.

Паркинг за учесниците на Собранието на акционери НЕ е обезбеден од страна на Друштвото и за возила не е дозволен влез во кругот на фабриката.